Бр./Nr 08-2503/1

21-07-2020 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 31-та седница одржана на ден 16.07.2020 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот број 08-2467 од 2019 година, оформен по пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема основ за надлежно постапување на ДКСК по предметот број 08-2467/1 од 18.04.2019 година, оформен по пријава, за проверка на имотната состојба на __________ поранешен вд директор на јавна здравствена установа.

Предметот со број 08-2467/1 од 18.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-2467/1 од 18.04.2019 година е оформен по пријававо во која се укажува на сомневања за несразмерно зголемен имот и се бара проверка на имотната состојба на ___________ поранешен вд директор на јавна здравствена установа.

ДКСК, по разгледување на содржината на пријавата како и фактот дека лицето _________ ја извршувало функцијата вд директор на јавна здравствена установа до 04.08.2017 година при што поднело анкетен лист за престанок на функцијата на 01.09.2017 година имајќи во предвид дека наведеното лице не спаѓа во категориите на лица опфатени со членот 82 од ЗСКСИ, ДКСК констатира дека нема основа за надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Борче Стојановски, виш соработник

Одобрил: Катица Николовска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**